

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА УМЕТНОСТ

## МЕЃУ ДВЕТЕ ВОЈНИ

10 X — 10 XI 1967

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — СКОПЈЕ

Ликовната уметност што доаѓа по богатиот среден век, во крајот на XIX и првите децении на XX век, почна да прима нови елементи што македонската уметност ја воведуваат во современата југословенска. Меѓу последните мајстори — зографи има такви кои сé помалку се интересираат за религиозната тематика, што доскоро им беше единствена преокупација. Постепено се чувствува желбата да се ослободат од неа, воведувајќи профани елементи со сликањето сцени од животот што ги окружувал, портрети на ним блиски луѓе, Најпознат и нам најблизок зограф, кај кого новите тежњи се највидливи е Димитар Андоновски. Во неговите први профани трудови — портрети, работени во наивен академски реализам силно се чувствува влијанието од иконографско школување во Русија. Подоцна, особено, по Првата светска војна, кога новите струења се многу поинтензивни во Македонија, на неговите платна јасно се видливи елементите на импресионизмот, особено во колоритот. Ако Андоновски и покрај новото беше повеќе поврзан за нашата средновековна уметност, тогаш Ѓорѓи Зографски, една деценија помлад од својот предходник, можеме да го сметаме повеќе за портретист на младата македонска буржуазија одколку за зограф. Тоа се репрезентативни реалистички портрети, кои не се ослободени од влијанието на средновековното сликарство. Интересна е и појавата на Ѓорѓи Андоновски од кого ни е познат еден пејсаж на кого се чувствува фреско—сликарството, но во колоритот е знатно послободен.

На овие последните зографи им се придружуваат Михајло Шојлев кој се школувал на софиската Академија, Трајко Муфтински на Уметничката школа во Загреб и Коста Шкодреану кој во Рим покрај главните студии се бави и со сликарство; уметници кои не можеле да остават поголеми траги во создавањето на современото македонско сликарство, бидејќи веднаш по завршеното школување тргнале по друг пат — копирање на средновековен живопис што ги отргнало од контактот со новото во современата уметност и од барањето сопствен израз во неа.

Кога зборуваме за вистинските почетоци на современото македонско сликарство, треба да мислиме на дваесетипеттите години од овој век, кога во Македонија се појавуваат млади уметници кои се школувани во Белград, Букурешт, Софија и Прага. Ако и со година би сакале симболично да го обележиме неговиот вистински почеток, тоа би била 1927 кога нашиот најстар академски сликар Димитар Аврамовски Пандилов приреди самостојна изложба. Примена срдачно од публиката која сега прв пат се сретнува со дело кое се разликува од носталгичните традиции на средниот век, кон кои се уште тежеа нашите последни зографи, гледаме средина која била готова да ја прими младата генерација што доаѓа. Димитар Аврамовски е нејзин родоначалник. Школуван во Софија, воспитуван во академски реализам, дури со одењето за Париз, каде се воодушевува од импресионизмот, од неговата слободна техника и светла палета, Пандилов почнува да работи повеќе скицуозно, фигурите и пејсажот ги дава со неколку потези, атмосферата е прозрачна, светла и лесна како и колоритот. Со суптилно чувство за атмосфера, за се она што секојдневно го окружува, слика свет на мали луѓе, луѓе од селото или пејсажи.

Ученик на белградската школа, која имала претензии за креативни реализации, во рамките на европската современа уметност, Лазар Личеноски го продолжи своето школување во Париз, кога почнува неговата афирмација. Познавајќи го импресионизмот уште во школувањето во Белград, Личеноски во Париз се одушевува од конструктивизмот на А. Лот и „розе фазата“ на Пикасо и во својата прва фаза работи фигурални композиции на широки и мирни површини и портрети. Меѓутоа со враќањето од Париз од неговото сликарство како да исчезнаа сите туѓи влијанија. Чувството што го обзело со повторно доживување на родниот крај најдобро ќе ни го објасни самиот уметник. „Тогаш дојдов во мојот роден крај. Возбуден застанав пред прекрасниот македонски пејсаж, полн со бои и сериозно се загледав во нашето монументално ѕидно сликарство, во нашиот богат и ликовно многу интересен фолклор. Тогаш мојот уметнички свет стана Македонија“.

Лазар Личеноски со право може да го сметаме за поет на македонскиот пејсаж и човекот. Тој го чувствува богатиот колорит на македонскиот пејсаж, неговата палета е пастозна и звучна: сочно зелени полиња, сури камењари, длабоки тонови на синилото на Охридското езеро. Тој најде специфичен сликарски израз за тоа нему толку блиско поднебје. Освен пејсажи работи и фигурални композиции со мотиви од народниот живот. Во нив се чувствуваат фолклорни елементи што ги подредил на својата сликарска концепција зачувајќи ги нивните карактеристики. Неговите портрети направени во овој период го стават во редот на нашите нејдобри портретисти.

Никола Мартиноски е изразит фигуративен сликар, поконкретно потретист. По завршените студии во Букурешт, каде што е награден со I награда, оди во Париз, каде модерното француско сликарство беше на врвот на својата победа. Разбирливо таков Париз мораше да остави длабока трага. Во почетокот тоа е кубизмот на Лот, Брак и Пикасо. Стилизацијата не доведе до осиромашување на колоритот кој кај Мартиноски секогаш бил примарен. По враќањето од уметничкиот центар, кој на уметникот му даде широко поле на изразување, во Скопје Мартиноски мораше да бара нови патишта како својата уметност да ја приближи до новиот гледач, но без никакви отстапувања. Под влијание на Модиљани со благата деформација на ликот, со лесната линија и богатиот колорит успева да ги истакне психолошките карактеристики на личноста. Користејќи ги стекнатите искуства, тој еволуира кон сопствен стил. Се полесната линија го ослободува колоритот кој што доминира на неговите композиции. Малите луѓе со своите секојдневни грижи и надежи се најомилена тема на Мартиноски. Неговите „мајки“ со издолжени и напатени лица, со широко отворени очи, коскести раце зборуваат за еден тежок и макотрпен живот. Сите овие трудови сликарски се вонредно доживеани и психолошки продлабочени.

Цртежот е една друга голема преокупација на Мартиноски. Во него е дојден до еден личен и нему својствен израз. Додека во сликарството му служел како база за еден реален свет овде, линијата го носи така што тој ја заборава материјата и реалноста.

Главна преокупација на Вангел Коџоман, во периодот меѓу двете војни, се пејсажот и портретот. По завршувањето на школувањето оди во Охрид и таму, и во неговата родна Струга ги наоѓа мотивите на своите пејсажи. Во нив тој остави драгоцено сведоштво за минатите времиња на овие градови, со нивните луѓе од секојдневната работа. Работени со голема љубов, тие сликарски остварувања се дадени со една својствена палета полна со реализам во дочарувањето на амбиентот. Од истиот период се и акварелите со мотиви од Охридското езеро работени со најчиста техника специфична за тој вид, воздушести и префинети.

Со постојано барање и создавање на својата лична палета, тој од импресионистичкиот пејсаж „со поладни, поинтензивни и поробусни тонови и ритмови ќе премине на еден свој експресионизам". Сите овие барања што ги следиме во пејсажот се чувствуваат и во портретот, кој кај Коџоман зазема значајно место. Во почетокот тие се со реалистички цртеж и импресионистичка палета, за подоцна да бидат во експресионистички дух со реалистички елементи.

Томо Владимирски во однос на своите врсници се јавува релативно доцна Во ликовниот живот во Скопје тој влегува во 1937 година, кога ја има својата прва самостојна изложба. На неа се застапени сите жанрови, кои и подоцна ќе бидат, помалку или повеќе негова преокупација: пејсажи, фигури — портрети, историски мотиви и мртва природа. Сликите од тој период вријат со животна реалност. На нив се истакнати основните карактеристики на неговото сликарство: сензибилност и тонско моделирање, особено на портретите. Тие покрај студиозниот реалистички цртеж носат интересирање за пожив колорит. Во пејсажите Владимирски еволуира од импресионизмот до модерниот реализам. Во повоениот период, кога Владимирски главно се формира како уметник „покажува тенденција на упростување и смирување на колористички тонови и ритмови со ладни бои".

Последната група уметници од школувањето во Белград доаѓа во Скопје во 1937 и по неа. Излагањата во годините во навечерјето на војната, зборуваат за барања на свој сопствен израз до кого ќе дојде во периодот по војната. Треба уште да се нагласи дека голем број на нивни трудови во виорот на војната исчезнаа, една колекција повеќе од 30 акварели на Љубомир Белогаски, како и пејсажите на Василие Поповиќ — Цицо, кои за оваа изложба и покрај сите настојувања не можевме да ги пронајдеме.

Љубомир Белогаски дебитира пред скопската публика со својата самостојна изложба во 1937 година, на која покрај акварели прикажува и масла, техника во која подоцна повремено ќе се враќа. На тие трудови во многу се чувствува влијанието на Радовиќ и Бонар, кои се блиски на сензибилитетот на Белогаски. Меѓутоа неговиот развоен пат можеме да го следиме повеќе на акварелите. Школувајќи се во Белград, каде се чувствувале влијанија на француските импресионисти, Сезан или фовистите, на Белогаски Сезан му е најблизок и студирајќи го него тој постепено го изградувал својот израз. Неговите акварели од периодот по војната зборуваат за уметникот, „кој има сигурен усет за избор на своите мотиви, а во третманот е сигурен веќе рутинираниот потез. Тој пасионирано ги открива најфините флуидности за да ја дочара атмосферата на пределот", или карактерот на ликот.

Најмладиот од групата сликари кои работат во овој период, Василие Поповиќ — Цицо, главно се занимава со акварел и карикатура. Прелиствајќи ги каталозите

од предвоениот период, а и сочуваните пејсажи настанати непосредно по војната, дознаваме за суптилно градени акварели во кои е нагласена карактеристиката на амбиентот. Главно, тоа е Скопје со неговите улици и животот на нив. Сепак може да се каже дека карикатурата во сликарството на Цицо зазема прво место. Неговите карикатури работени лесно и свежо ги носат сите одлики на портретираната личност. Во годините по војната неговата карикатура доби тон на актуелности.

Во однос на сликарството, скулптурата доцна се јавува и нејзин единствен претставник е Димо Тодороски. Уште од раните студенски денови Тодороски се определува за портретот, па е творец на првиот современ портрет во Македонија. Неговите портрети се реалистичка студија на која се истакнати индивидуални црти полни со внатрешно чувство. Во ситната пластика, работена веднаш по завршените студии, се чувствува леснина и виртуозност на уметник кој својата полна зрелост, по истражувања низ кубизам и експресионизам, ќе ја оствари во годините по војната.

**Лилјана Поповиќ**

# КАТАЛОГ

НИКОЛА МАРТИНОСКИ
НЕВЕСТА



Т. ВЛАДИМИРСКИ
ПОРТРЕТ НА ЦИЦО



Д. А. ПАНДИЛОВ
ЖЕТВАРКИ



В. КОЏОМАН
ПОГЛЕД НА ГОРИЦА



Љ. БЕЛОГАСКИ

ПОРТРЕТ НА ЖЕНА



В. ПОПОВИЌ — ЦИЦО
МОЈОТ ТАТКО



Д. ТОДОРОСКИ

ФИГУРА I



## ДИМИТАР АВРАМОВСКИ ПАНДИЛОВ

1. ЦИГАНЧЕ, 1922
масло на платно, 27,5 X 18,5
сигн. дд: Д.П.
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

2. ТОВАРЕЊЕ НА СНОПОИ, 1936
масло на шперплоча, 49 X 62
сигн. дд: Д. Пандилов 1936
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

3. ВРШИДБА, 1936
масло на шперплоча, 50 X 62,5
сигн. дд: Д. Пандилов
сопственост на семејството

4. РУЧОК НА СЕНКА ДО КОЛАТА, 1935
масло на платно, 25 X 35,5
сигн. нема
сопственост на семејството

5. ЖЕТВАРКИ, 1937
масло на шперплоча, 50 X 63
сигн. дд: Д. Пандилов 1937
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

6. ПОКРАЈ ВОДА, 1935
масло на платно, 25 X 32,5
сигн. дд: Д. П., 1935
сопственост на семејството

7. ПРОДАВАЧ НА КАДАИФ, 1926
масло на платно, 18,5 X 26
синг. нема
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

8. ПОРТРЕТ НА СТАРЕЦ, 1922
масло на платно, 43 X 29,5
сигн. дд: Д. Пандилов
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

9. НА ЧАС, 1927
масло на платно, 26 X 18,5
сигн. дл: Д. П. 1927
сопственост на семејството

10. СКОПСКОТО КАЛЕ, 1926/27
масло на платно, 23 × 16
сигн. дд: Д. П. 1927
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

11. ГАЈДАШ, 1926
масло на платно, 79 × 92
сигн. дд: 1926 Д. Пандилов
сопственост на семејството

12. ЖЕТВАРКИ, 1936
масло на шперплоча, 62,5 × 66
сигн. дд; 1936 Д. Пандилов
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

13. МОСТ НА РЕКАТА ДРИМ, 1927
масло на платно, 54 × 65,5
сигн. дд: Д. Пандилов
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

14. ЖЕТВАРКИ, 1935
масло на платно, 36 × 25
сигн. дд: Д. П., 1935
сопственост на семејството

## ЉУБОМИР БЕЛОГАСКИ

15. КРАГУЕВАЦ, 1941
акварел, 39 X 29
сигн. нема
сопственост на авторот

16. ПЕЈСАЖ ОД ШУМАДИЈА, 1940
акварел, 32,5 × 45
сигн. дл: Љуб. Анѓелковиќ
сопственост на авторот

17. МОТИВ ОД ПЉЕВЉЕ, 1939
масло на платно, 37,5 × 25,5
сигн. нема
сопственост на авторот

18. АКТ, 1938
масло на платно, 83 × 63
сигн. гд: Љуба
сопственост на авторот

19. ПОТРЕТ — СТУДИЈА, 1937
масло на платно, 34 × 32
сигн. нема
сопственост на авторот

20. ГЛАВА ВО ЗЕЛЕНО, 1938
масло на платно, 49 × 36,5
сигн. нема
сопственост на авторот

21. ЦРВЕНОКОСА, 1941
масло на платно, 43,5 × 33,5
сигн. нема
сопственост на авторот

22. СТУДЕНТОТ КОЛИ, 1935
акварел, 43,5 × 30,5
сигн. дл: Љуб. А
сопственост на авторот

23. СТОЈАНКА, 1940
акварел, 42,5 × 31
сигн. нема
сопственост на авторот

24. ОДМОР, 1941
акварел, 43,5 × 62
сигн. гд: Љуб. А. 1941
сопственост на авторот

25. ОД ДВОРОТ, 1940
акварел, 19,5 × 22
сиг. нема
сопственост на авторот

26. ДЕВОЈЧЕ, 1940
акварел, 21 × 17
сигн. дд: Белогаски
сопственост на авторот

27. ГЛАВА, 1940
сепија, 29,5 × 20
сигн. дд: Љуб. Анѓелковиќ 1940
сопственост на авторот

28. ПОРТРЕТ, 1940
акварел, 35,5 × 25,5
сигн. дл: Белогаски
сопственост на авторот

29. МЕЧКОВАЦ, 1940
акварел, 21,3 × 32,3
сигн. гл: Белогаски
сопственост на авторот

30. ПОРТРЕТ, 1940
акварел, 35 × 26
сигн. дл; Белогаски
сопственост на авторот

31. ТРЕНДАФИЛИ, 1940
акварел, 32,5 × 23,5
сигн. дд: Белогаски
сопственост на авторот

32. ЦВЕЌЕ, 1940
акварел, 31,5 × 21.5
сигн. дл: Белогаски
сопственост на авторот

33. ЛЕКТИРА II, 1941
акварел, 31,5 × 19,5
сигн. гд: Белогаски
сопственост на авторот

34. ПОТРЕТ НА ЖЕНА, 1941
акварел, 46 × 35,5
сигн. гд: Белогаски
сопственост на Народниот музеј, Охрид

35. КОЉО СИМЕВ, 1938
акварел, 33 × 24
сигн. дл: Љуб. А.
сопственост на авторот

36. ПОРТРЕТ НА ЖЕНА, 1940
акварел, 64,5 × 45
сигн. гд: Белогаски
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

37. ЖЕНА ШТО ЧИТА, 1941
акварел, 65,5 × 46,5
сигн. гл: Љ. А. Белогаски
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

## ТОМО ВЛАДИМИРСКИ

38. ПОРТРЕТ НА ЦИЦО ПОПОВИЌ, 1939
масло на платно, 78 × 64
сигн. дд: Т. Влад.
сопственост на авторот

39. АВТОПОРТРЕТ, 1939
масло на платно, 37,5 × 27,5
сигн. дд: Т. В.
сопственост на авторот

40. ЗЕЛЕНООКА, 1938
масло на платно, 47 × 39
сигн. дд: Т. Влад.
сопственост на С. Балванлијев

41. АКТ ВО ПРИРОДА, 1938
масло на лесонит, 49,5 × 70
синг. дд: Т. Влад.
сопственост на авторот

42. МОТИВ ОД СКОПЈЕ, 1938
масло на платно, 50 × 60
сигн. дд: Т. Влад.
сопственост на авторот

43. РАБОТНИК, 1940
масло на платно, 69 × 60
сигн. гл: Т. Влад
сопственост на авторот

44. ГРОЗДОБЕР, 1938
масло на платно, 33,5 × 24,5
сигн. дл: Т. Влад.
сопственост на авторот

45. ПОРТРЕТ, 1937
масло на платно
сигн. дд: Т. Влад.
сопственост на авторот

46. ЕСЕНСКИ МОТИВ, 1939
масло на платно, 39,5 × 60
сигн. дл: Т. Влад.
сопственост на авторот

47. АКТ-СКИЦА, 1935
масло на платно, 37,5 × 49
сигн. дл: Т. Влад.
сопственост на авторот

48. ПЕЈСАЖ, 1939
масло на картон, 40 × 34,5
сигн. дд: Т. Влад.
сопственост на авторот

49. ПЕЈСАЖ, 1939
масло на платно, 51 × 41
сигн. дд: Т. Влад.
сопственост на авторот

50. РИБИ, 1940
масло на картон, 50 × 38
сигн. гл: Т. Влад.
сопственост на авторот

51. РИБАРСКИ МРЕЖИ, 1939
масло на картон, 54 × 41
сигн. дд: Т. Влад.
сопственост на авторот

52. ПОРТРЕТ НА ДЕВОЈКА, 1940
масло на платно, 85,5 × 65
сигн. дл: Т. Влад.
сопственост на авторот

53. МРТВА ПРИРОДА, 1940
масло на картон, 34 × 49
сигн. дл: Т. Влад.
сопственост на авторот

54. ПЕЈСАЖ, 1938
масло на платно, 41,5 × 51
сигн. дд: Т. Влад.
сопственост на авторот

55. ЗИМСКИ ПЕЈСАЖ, 1940
масло на платно, 47,5 × 61,5
сигн. дл: Т. Влад.
сопственост на авторот

56. МРТВА ПРИРОДА, 1939
масло на картон, 33,5 × 44
сигн. гл: Т. Влад.
сопственост на авторот

57. ПЕЈСАЖ ОД ПРАГА, 1937
масло на платно, 57 × 47
сигн. дл: Владимирски 937
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

## ВАНГЕЛ КОЏОМАН

58. ПОРТРЕТ НА ДЕВОЈЧЕ, 1932
масло на платно, 39 × 32
сигн. дл: В. Коџоман
сопственост на авторот

56. ПОРТРЕТ НА МОЈАТА МАЈКА, 1935
масло на платно, 76 × 56
сигн. гд: В. Коџоман, 1935
сопственост на авторот

60. ПОРТРЕТ НА ДЕВОЈКА, 1935
масло на платно, 48,5 × 37
сигн. дл: В. Коџоман 1935
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

61. МРТВА ПРИРОДА, 1935
масло на платно, 43,5 × 61
сигн. дл: В. Коџоман 1935
сопственост на авторот

62. ОХРИДСКИ ПОЉАК, 1937
масло на платно, 80 × 65
сигн. гд: В. Коџоман 1937
сопственост на авторот

63. ПОГЛЕД НА ОХРИД, 1939
масло на картон, 50 × 73
сигн. гд: В. Коџоман 939
сопственост на авторот

64. ПОГЛЕД НА ГОРИЦА — ОХРИД, 1939
масло на картон, 50 × 73
сигн. гл: В. Коџоман 1939
сопственост на авторот

65. „Св. ТАНАСИЈА" — СТРУШКО, 1940
масло на картон, 35 × 50
сигн. гл: В. Коџоман 1940
сопственост на авторот

66. МОТИВ ОД ОХРИСКОТО ЕЗЕРО, 1940
масло на картон, 35 × 50
сигн. гл: В. Коџоман 1940
сопственост на авторот

67. МОТИВ ОД ОХРИД, 1940
масло на картон, 42 × 59
сигн. дд: В. Коџоман 40
сопственост на авторот

68. МРТВА ПРИРОДА, 1940
масло на картон, 35 × 49
сигн. гл: В. Коџоман 1940
сопственост на авторот

69. АВТОПОРТРЕТ, 1940
масло на картон, 65 × 45
сигн. дд: В. Коџоман 1940
сопственост на авторот

70. ПОРТРЕТ НА Ч. Б., 1940
масло на картон, 66 × 48
сигн. гл: В. Коџоман 1940
сопственост на авторот

71. ОХРИДСКИ АСЕЗ, 1935
масло на платно 76 X 57
сигн. дд: В. Коџеман 1935
сопственост на Историскиот музеј, Скопје

72. МОТИВ ОД ОХРИД I, 1938
акварел, 42 × 27
сигн. гл: В. Коџоман 38
сопственост на Народниот музеј, Охрид

73. МОТИВ ОД ОХРИД II, 1939
акварел, 42 × 27
сигн. гл: В. Коџоман 1939
сопственост на Народниот музеј, Охрид

74. ЧАРШИЈАТА ВО СТРУГА, 1937
масло на картон, 63 × 45
сигн. гд: В. Коџоман 1937 Струга
сопственост на Народниот музеј, Струга

75. СТРУГА ВО МИНАТОТО, 1937
масло на платно, 65 × 48
сигн. гд: В. Коџоман 1937
сопственост на Народниот музеј, Струга

76. АКТ I, 1929
масло на плато, 111 × 87
сигн. дд: 1929 Коџоман
сопственост на авторот

77. АКТ II, 1930
масло на платно, 92 × 66
сигн. дл: В. Коџоман 1930
сопственост на авторот

78. АВТОПОРТРЕТ, 1930
масло на платно, 35 X 28
сигн. дл: 1930
сопственост на авторот

## ЛАЗАР ЛИЧЕНОВСКИ

79. ОХРИД, 1937(?)
масло на платно, 79 × 53
сигн. дл: Личен
сопственост на Народниот музеј, Белград

80. ПЕЈСАЖ ОД ПАРИЗ, 1928
масло на картон, 39 × 35
сигн. дд: Личеноски 1928 (лат.)
сопственост на Музејот на современа уметност, Белград

81. ПОРТРЕТ НА ТРЕВЕЛИЈАНИ, 1931
масло на платно, 56 × 36
сигн. дд: Личен 1931
сопственост на Музејот на современа уметност, Белград

82. ПОРТРЕТ НА УЧИТЕЛ, 1930
масло на платно, 43 × 39
сигн. дл: Личеноски 30
сопственост на Музејот на современа уметност, Белград

83. РАКОВИ,
масло на платно, 37,55 X 57
сигн. дл: Личеновски Л. (лат.)
сопственост на Музејот на современа уметност, Белград

84. ГОЛЕМОТО ОХРИДСКО ЕЗЕРО
масло на шперплоча, 100 × 121
сигн. дд: Личеноски
сопственост на Музејот на современа уметност, Белград

85. ПЕЈСАЖ
масло на шперплоча, 33 × 41
сигн. дд: Личен
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

86. АКТ, 1928
масло на платно, 54 × 80,5
сигн. дл: Париз 1928 Личеноски (лат.)
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

87. КОМПОЗИЦИЈА, 1928
јаглен, 54 × 82,5
сигн. дл: Личеновски март 1928 Парис (лат.)
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

88. ПЕЈСАЖ
масло на шперплоча, 79,5 × 59,5
сигн. дд: Личен
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

89. МРТВА ПРИРОДА
масло на картон, 45,5 × 57
сигн. дд: Личеноски (лат.)
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

90. ПЕЈСАЖ
масло на платно, 46 × 55
сигн. дл: Личен
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

91. ПЕЈСАЖ
масло на шперплоча, 21,5 × 36
сигн. дл: Л. Личен
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

92. АКТ, 1927
масло на платно, 49 × 60
сигн. дд: Личен 1927
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

93. ПЕЈСАЖ
масло на платно, 33,5 × 41
сигн. нема
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

94. ПЕЈСАЖ
масло на шперплоча, 12 × 20,5
сигн. дд: Личен
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

95. ПЕЈСАЖ, 1927
масло на платно, 46 × 61
сигн. дд: Личеноски (лат.)
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

96. ПЕЈСАЖ
масло на шперплоча, 17 × 34,5
сигн. дл: Личеноски
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

97. ПЕЈСАЖ
масло на картон, 36,5 × 50,5
сигн. дд: Личен
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

98. ПЕЈСАЖ
пејсаж на шперплоча, 54 × 73
синг. дл: Личеноски
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

## НИКОЛА МАРТИНОСКИ

99. УЧЕНИКОТ ДИМЕ, 1935 (лат)
масло на картон, 70 × 51
сигн. гд: Н. Мартиноски (лат.)
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

110. КОЛЕДАРИ, 1941
масло на платно, 110 × 90
сигн. дл: Н. С. Мартиноски (лат.)
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

101. ДВЕ ДЕВОЈКИ, 1930
масло на платно, 66,5 × 52
сигн. нема
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

102. МУСЛИМАНКА ОД МАКЕДОНИЈА,
масло на платно, 100 × 110
сигн. гд: Н. С. Мартиноски (лат )
сопственост на Народниот музеј, Белград

103. НА ЦРВЕН МИНДЕР
масло на платно, 58 × 75
сигн. гд: Н. С. Мартиноски (лат.)
сопственос на Народниот музеј, Белград

104. ЦИГАНСКА СЛАВА
масло на платно 110 X 100
сигн. гд: Н. С. Мартиноски (лат.)
сопственост на Народниот музеј, Белград

105. НЕВЕСТА, 1937
масло на платно, 96 × 72
сигн. гд: Н. С. Мартиноски (лат.)
сопственост на Кемал Сејфула

106. ЦИГАНЧИЦА
масло на платно, 51 × 40
сигн. гл: Н. С. Мартиноски (лат.)
сопственост на Музејот на современа уметност Белград

107. РИБИ
масло на картон, 55 × 42
сигн. гл: Мартиноски (лат.)
сопственост на Музејот на современа уметност, Белград

108. ДЕДО СО ВНУКА, 19
масло на платно, 112 × 88
сигн. гд: Н. Мартиноски (лат.)
сопственост на Работничкиот дом

109. ЦИГАНЧИЦА, 1936
масло на платно, 72,5 X 53,5
сигн. гд: Н. Мартиноски (лат.)
сопственост на Веселинка Малинска

110. АВТОПОРТРЕТ, 1930
масло на платно 43 X 36
сигн. гд: Н. С. М. (лат.)
сопственост на Општината Крушево

111. МАЈКА СО ДЕТЕ
масло на платно, 78 X 63
сигн. гд: Н. К. Мартиноски (лат.)
сопственост на Општината Крушево

112. ПОРТРЕТ НА Р. П., 1934
масло на платно, 49,5 X 39,5
сигн. гд: Н. Мартиноски (лат.)
сопственост на Растко Пуриќ

113. КОМПОЗИЦИЈА, 1936
масло на платно, 83 X 67
сигн. нема
сопственост на Кемал Сејфула

114. ГЛАВА НА ЦИГАНЧЕ
масло на картон, 58 X 36
сигн. гд: Н. М. Р. (лат.)
сопственост на Општината Крушево

115. МРТВА ПРИРОДА
масло на платно, 65 X 59
сигн. нема
сопственост на Општината Крушево

116. ГОСПОЈЦА АРЕТИ, 1931
темпера на картон, 65 X 35
сигн. дд: Н. С. Мартиноски (лат.)
сопственост на Општината Крушево

117. ЦИГАНЧЕ, 1936
масло на платно, 70 X 55
сигн. дл: Н. С. Мартиноски (лат.)
сопственост на Миќа Триврановиќ

## ВАСИЛИЕ ПОПОВИЌ–ЦИЦО

118. МОЈОТ ТАТКО, 1938
молив, 25 × 17
сигн. дл: Цицо 1938 (лат.)
сопственост на семејството

119. МОИТЕ РОДИТЕЛИ
молив, пречник 10
сигн. нема
сопственост на семејството

120. ЕВИЦА ПОПОВИЌ, 1938
молив, 24 × 19
сигн. дд: Цицо (лат.)
сопственост на семејството

121. ОЛГА ЈАНЧЕТОВИЌ, 1938/39
молив,20,5 X 17
сигн. дл: Цицо, Скопје (лат.)
сопственост на О. Јанчетовиќ

122. ЈОСИФ МИХАЈЛОВИЌ, 1939
молив, 21 X 17
сигн. дл: Цицо. Скопје (лат.)
сопственост на семејссвото

123. ДИМИТРИЈЕ МАЦУРА, 1941
темпера, 20,5 X 13
сигн. дд: Цицо 1941 (лат.)
сопственост на Милорад Мацура

124. ПАНТА ЈОВАНОВИЌ, 1940
молив, 36 × 25
сигн. дд: Цицо (л ат.)
сопственост на Бојана Стошиќ

125. ПЕТРЕ ПРЛИЧКО, 1940
акварел, 24 × 17,5
синг. дд: Цицо (лат.)
сопственост на П. Прличко

126. Д-р БРАНОВАЧКИ, 1940
темпера, 33,5 × 22,5
сигн. дс: Цицо 1940 (лат.)
сопственост на Никола Кацаволу

127. Д-р Ж. САРАФИЌ, 1940
темпера, 24,5 × 15
сигн. дд: Цицо 1940 (лат.)
сопственост на Никола Кацаволу

128. БОРА АНТИЌ, 1940
темпера, 25 × 20,5
сигн. дл: Цицо 1940 (лат.)
сопственост на Никола Кацаволу

129. НЕПОЗНАТ, 1940
темпера, 33,5 × 23,5
сигн. дд: Цицо 1940 (лат.)
сопственост на Никола Кацаволу

130. АНДОН ДУКОВ
молив, 57 × 37
сигн. нема
содственост на Народниот музеј, Охрид

131. ПЕТАР ПРОТИЌ, 1938
молив, 22 X 14
сигн. дд: Цицо, Скопје 38 г. (лат.)
сопственост на семејството

132. СВЕТОЗАР ДОРОШКИ, 1940
молив, 32 X 22,5
сигн. дл: Цицо 1940 (лат.)
сопственост на С. Дорошки

133. БОГДАН ШУПУТ, 1937/38
молив, 21,5 X 16,5
сигн. дд: Цицо (лат.)
сопственост на С. Дорошки

134. Д. ВУЧКОВИЌ
молив, 13 X 9,5
сигн. дд: Цицо (лат.)
сопственост на С. Дорошки

135. ДРВОСЕЧИ
линорез, 16,5 X 12
сигн. дд: Василије Поповиќ
сопзтвеност на С. Дорошки

136. Д-р ЛЕВИ, 1940
темпера, 35 X 25
сигн. дл: Цицо 1940 (лат.)
сопственост на Наум Манов

## ДИМО ТОДОРОВСКИ

137. БЕРАЧКА НА ТУТУН, 1937
теракота, висина 26
сопственост на Б. Дрнков

138. КЕМАНЕЏИЈА, 1937
теракота, висина 33
сопственост на Б. Дрнков

139. ПОРТРЕТ НА С. Д., 1941
гипс, висина 54
сопственост на Б. Дрнков

140. ПОРТРЕТ НА И. Д., 1941
гипс, висина 54
сопственост на Б. Дрнков

141. МАЈКА СО ДЕТЕ, 1937
глина, висина 23,5
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

142. ФИГУРА I, 1937
теракота, висина 19,5
сопственост на Уметничката галерија, Скопје

# БИОГРАФИИ

ДИМИТАР АВРАМОВСКИ ПАНДИЛОВ, сликар, роден на 1 III 1898 во Тресонче. Во 1924 во Софија ја заврши Художествената академија. Идната година доаѓа во Скопје и 1926-27 е наставник по цртање во Ќуприја. Истата година заминува во Франција каде продолжува со школувањето. До ослободувањето живее во Бугарија, а потоа во Скопје е професор во гиманазијата „Маршал Тито" и до 1962 во Уметничкото училиште. Загинал во земјотресот од 26 јули 1963.
Студиски патувања: Италија.
Добитник е на Орден на трудот од III степен.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

| | |
|---|---|
| 1927 | Ќуприја, Скопје, Момпелје (Франција) |
| 1928 | Париз |
| 1930 | Софија |
| 1934 | Софија |
| 1937 | Софија |
| 1956 | Скопје, Јубиларна изложба по повод 30-години од сликарската дејност |
| 1962 | Скопје, Изложба на акварели |

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

| | |
|---|---|
| 1929/39 | Софија, со Друштвото на современите уметници |
| 1960 | Скопје, Македонски пејсаж |
| 1962 | Скопје, Македонски портрет XIX и XX век |
| 1945/63 | со ДЛУМ на сите изложби во земјата и странство |

ЉУБОМИР БЕЛОГАСКИ, сликар, роден на 15 IV 1912 во Делчево. Во 1931 се запишал на Уметничката школа во Белград, а Академскиот течај го завршил 1938. Години по завршувањето на школувањето ги поминува како професор по цртање во места на Македонија, Србија и Црна Гора. Во првите денови на 1945 доаѓа во Скопје за наставник во Уметничкото училиште, каде останува до 1961. Се бави со научно педагошка работа. Професор е на Архитектонско - градежниот факултет каде во 1958 хабилитирал со трудот „Бокељски мотиви".
Студиски патувања: Франција, Италија, Англија, Зап. Германија, Австрија, Грција.
Добитник е на Орден на трудот со златно знаме, Орден на трудот од II степен и Спомен плакета на град Скопје.

## НАГРАДИ

| | |
|---|---|
| 1947 | Скопје, Награда за плакат |
| 1947 | Скопје, Награда на Владата на НРМ |
| 1950 | Скопје, Награда на Владата на НРМ |

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

| | |
|---|---|
| 1937 | Скопје |
| 1956 | Скопје |
| 1958 | Тетово, Гостивар |
| 1963 | Скопје, Јубилејна изложба по повод 25-годишнината на ликовното творештво |

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

| | |
|---|---|
| 1938 | Белград, Јубилејна десетта пролетна изложба на сликарски и вајарски дела на југословенските уметници |
| | Белград, Есенската изложба на сликарски и вајарски дела на белградските уметници |
| 1939 | Белград, XI пролетна изложба |
| | Белград, XII есенска изложба |
| | Скопје, по повод 10-годишнината на „Јефимија" |
| 1940 | Белград, XII пролетна изложба |
| | Белград, XIII есенска изложба |
| | Скопје |
| 1960 | Скопје, Македонски пејсаж |
| 1962 | Скопје, Македонски портрет XIX и XX век |
| 1945/67 | на сите изложби на ДЛУМ во земјата и странство |

ТОМО ВЛАДИМИРСКИ, сликар, роден на 26 VIII 1904 во Скопје. Уметничката школа и Академскиот течај го завршил 1935 во Белград. Од 1935 — 1937 ги продолжува студиите на Академијата во Прага. По завршувањето на студиите се враќа во Скопје каде е сценограф во Народниот театар до 1965.
Студиски патувања: Франција, Италија.
Добитник е на Орден на трудот со златен венец, Медаља на трудот и Спомен плакета на град Скопје.

НАГРАДИ

1947 Скопје, Награда на Владата на НРМ
1961 Скопје, Октомвриска награда

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1937 Прага
1938 Битола
1939 Скопје
1940 Скопје
1961 Скопје, Вардарски мотиви

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1939 Скопје, Изложба по повод 10-годишнината на „Јефимија“
1940 Скопје
1950 Скопје, со Мартиноски, Тодороски, Цицо и Костовски
1960 Скопје, Македонски пејсаж
1962 Скопје, Македонски портрет XIX и XX век
1945/67 на сите изложби на ДЛУМ во земјата и странство

ВАНГЕЛ КОЏОМАН, сликар, роден на 14 II 1904 во Струга. Во 1924 се запишал на Уметничката школа во Белград, а Академскиот течај го завршил 1930. Од 1931 до 1938 е наставник по цртање во Охрид, кога заминува во Белград, каде останува до ослободувањето. Во првите денови на 1945 доаѓа во Скопје каде учествува во формирањето на Уметничката школа. Сега е професор на Педагошката академија.
Студиски патувања: Франција, Чехословачка, Унгарија, Грција.
Добитник е на Орден на трудот со црвено знаме и Орден на трудот од III степен.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1938 Скопје
1958 Скопје, Јубилејна изложба по повод 25-годишнината на ликовна и педагошка дејност
1961 Струга
1962 Струга, Стара Струга во минатото

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1929 Белград, II есенска изложба на сликарски и вајарски дела на белградските уметници
1930 Белград, II пролетна изложба на сликарски и вајарски дела на југословенските уметници
1936 Белград, VIII пролетна изложба
1932 Прага, Млади југословенски уметници
1937 Скопје
Белград, Изложба на Друштво на ликовните уметници така наречена „Бојкоташка изложба“

| | |
|---|---|
| 1938 | Белград, Јубилејна десетта пролетна изложба на сликарски и вајарски дела на југословенските уметници |
| 1939 | Скопје, по повод 10-годишнината на „Јефимија“ |
| 1940 | Скопје, Белград — Салон на независните |
| 1960 | Скопје, Македонски пејсаж |
| 1961 | Охрид, Охридски мотиви |
| 1962 | Скопје, Македонски пејсаж XIX и XX век |

ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ, сликар, роден на 26 III 1901 во Галичник. По завршениот Академски течај во белградската Уметничка школа 1927, оди во Париз каде специјализира фреско-техники. Од 1929 па се до ослободувањето живее во Белград.
Во 1945 доаѓа во Скопје каде учествува во основањето на Уметничкото училиште каде бил професор до смртта, 1964.
Студиски патувања: Франција, Италија, Грција, Турција.
Дописен член на Српската академија на науките и уметностите.
Добитник е на Орден заслуги за народ од I степен и Орден на трудот со црвено знаме.

## НАГРАДИ

| | |
|---|---|
| 1959 | Скопје, Октомвриска награда |

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

| | |
|---|---|
| 1929 | Белград, Скопје |
| 1931 | Загреб |
| 1933 | Белград, Загреб, Скопје |
| 1935 | Белград, Скопје |
| 1939 | Белград |
| 1954 | Скопје, Ретроспективна изложба |
| 1955 | Белград, Ретроспективна изложба |
| 1959 | Скопје, Македонски пејсаж |

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

| | |
|---|---|
| 1928 | Париз, со група на југословенски уметници |
| 1929/40 | Белград, Пролетни и Есенски изложби |
| 1929/40 | со групата „Облик“ во земјата и странство |
| 1930 | Лондон, Ливерпул, Манчестер, Изложба на југословенската уметност |
| 1933 | Солун, југословенска репрезентативна изложба |
| | Нови Сад, со А. Хутер и Ѓ. Андрејевиќ-Кун |
| 1934 | Прага, Софија, југословенска репрезентативна изложба |
| 1937 | Рим, Изложба на југословенската уметност |
| 1947 | Букурешт |
| 1953 | Белград, Загреб, Љубљана, Сараево, Половина век на југословенското сликарство 1900 — 1950 |
| 1956/58 | Белград, Загреб, Љубљана, Сараево, Цетиње, изложба на југословенската уметност |
| 1956 | Белград, Два века на југословенската уметност |
| | Дубровник, Југословенска изложба во чест на конгресот на АЈКА |

1957 Рим, Југословенска изложба
Дубровник, Југословеска изложба во чест на конгресот на АИАП
1958 Канада, 60 слики на современото југословенско сликарство
1959 Тунис, шест југословенски сликари
1960 Скопје, Македонски пејсаж
1961 Белград, I триенале на ликовни уметности
Охрид, Охридски мотиви
1962 Скопје, Македонски портрет XIX и XX век
1964 Белград, II триенале на ликовни уметности
1945/64 со ДЛУМ на сите изложби во земјата и странство

НИКОЛА МАРТИНОСКИ, сликар, роден на 15 VIII 1903 во Крушево. Во 1927 ја завршил Академијата на ликовни уметнисти во Букурешт. Од 1927 — 1929 ги продолжува студиите во Париз. Во истата година се враќа во Скопје каде живее и работи и денес. По ослободувањето е еден од основачите на Уметничкото училиште и нејзин прв директор. Сега е директор на Уметничката галерија.
Студиски патувања: Франција, Италија, Романија
Редовен член на Македонската академија на науките и уметностите.
Добитник е на Орден заслуги за народ од I степен и орден на трудот со црвено знаме

## НАГРАДИ

1927 Букурешт, I награда за дипломска работа
1953 Скопје, Награда на град Скопје
1955 Скопје, Награда на град Скопје
1959 Скопје, Октомвриска награда
1964 Белград, Сребрена плакета на Сојузот на ликовни уметници на Југославија
1964 Скопје, Награда за животно дело

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1929/41 Скопје
1936 Нови Сад
1953 Љубљана, изложба на цртежи
Белград, Изложба на цртежи
1954 Загреб, Љубљана, Белград, Париз
1955 Скоје, Јубилејна изложба
1958 Скопје, Ретроспективна изложба
Скопје, Една нова драма, една изложба во ателје
1959 Дижон
1961 Скопје, Ректроспективни фрагменти
1965 Скопје, Јубилејна изложба по повод 35-годишнината на ликовното творештво
1966 Белград

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1928 Париз, Изложба на група југословенски уметници
1929 Белград, со Зора Поповиќ

| | |
|---|---|
| 1929/41 | Белград, Пролетните изложби |
| 1930/41 | со групата „Облик" во земјата и странство |
| 1949 | Белград, Загреб, Љубљана: Изложба на Сојузот на ликовните уметници на ФНР Југославија |
| 1951 | Цетиње, II сојузна изложба по повод стогодишнината од смрта на Петар Петровиќ — Његош |
| 1953 | Загреб, Белград, Сарајево, Љубљана. Половина век на југословенското сликарство 1900 — 1950 |
| 1954 | Њујорк, Вашингтон со Хегедушиќ, Коњовиќ и Михелиќ |
| 1956 | Дубровник, Југословенска изложба во чест на конгресот на АЈКА |
| 1956 | Љубљана, Меѓународна изложба на графика |
| 1957 | Дубровник, Југословенска уметност во чест на конгресот на АИАП |
| 1958 | Канада, 60 слики на југословенското современо сликарство |
| 1959 | Дижон, Есенски салон |
| 1961 | Белград, Прво триенале на ликовните уметности |
| 1964 | Белград, Второ триенале на ликовните уметности |
| 1964 | Сомбор, Ликовна есен — цртежи |
| 1945/67 | како член на ДЛУМ на сите изложби во земјата и странство |

ВАСИЛИЕ ПОПОВИЌ — ЦИЦО, сликар, роден на 12 II 1914 во Скадар (Црна Гора). Во 1938 ја завршува Уметничката школа во Белград, а една година подоцна доаѓа во Скопје за сценограф во Народниот театар каде останува до смртта, 1962. За време на окупацијата извесно време бил во германски и бугарски логор.
Студиски патувања: Франција
Добитник е на Орден на трудот од II степен, Медаља за заслуги за народ од II степен.

НАГРАДИ

| | |
|---|---|
| 1947 | Скопје, Награда на Владата на НРМ |
| 1959 | Пула, „Златна арена" за сценографијата во филмот „Мис Стон" |
| 1960 | Скопје, Октомвриска награда за политичка карикатура |
| 1962 | Скопје, Октомвриска награда за сценографијата на Лоркината „Крвава свадба" |
| 1957 | Скопје, Изложба на акварели и карикатури |
| 1963 | Скопје, Комеморативна изложба |

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

| | |
|---|---|
| 1939 | Скопје, Изложба по повод 10-годишнината на „Јефимија" |
| 1940 | Скопје |
| 1959 | Скопје, со Мартиноски, Владимирски, Тодороски и Костовски |
| 1960 | Скопје, Македонски пејсаж |
| 1962 | Скопје, Македонски портрет XIX и XX век |
| 1945/60 | на сите изложби на ДЛУМ во земјата |

ДИМО ТОДОРОСКИ, вајар, роден на 11 XII 1910 во Солун (Грција). Во 1931 се запишува во Уметничката школа во Белград, а Академскиот течај го завршува 1936. Од 1937 — 1941 во Ниш е сценограф во Народниот театар. Во времето на окупа-

цијата живее во Скопје. Веднаш по ослободувањето е еден од основачите на Уметничкото училиште каде е професор и денес.
Студиски патувања: Франција
Добитник е на Орден на трудот од II степен.

## НАГРАДИ

| | |
|---|---|
| 1961 | Скопје, Ноемвриска награда за скулптурата „Јама“ |
| 1962 | Скопје, Октомвриска награда за скулптура „Партизан“ |

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

| | |
|---|---|
| 1937 | Белград, Есенска изложба на сликарски и вајарски дела од белградските уметници |
| 1940 | Скопје |
| 1954 | Скопје, Изложба на НОБ |
| 1959 | Скопје, Изложба на НОБ |
| 1961 | Дижон |
| 1962 | Скопје, Изложба на македонски портрет XIX и XX век |
| 1964 | Скопје, Изложба на НОБ |
| 1945/67 | Скопје, на сите изложби на ДЛУМ во земјата и странство |

Печат: Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје